# Информација за ефикасност на работата на лекарските комисии на ФЗОМ за 2015 година

## Состав, надлежност и начин на работа на лекарските комисии на Фондот

Лекарските комисии на ФЗОМ (првостепена и второстепена) се формирани како стручно медицински тела за давање оценка за привремената спреченост за работа над 15 дена и мислење и за остварување на други права од задолжителното здравствено осигурување (право за специјализирана медицинска рехабилитација, повреда на работа, професионално заболување, потреба за ортопедско помагало, повраток на средства за лекување во странство како итен случај, користење на санитетско возило за осигурено лице лекувано како итен случај во странство, мислење за двојазичен образец за привремен престој во странство, мислење за оправданост на отварање на боледување со иста дијагноза во рок од 30 дена по затварањето на боледувањето).

Лекарските комисии може да вршат и други работи кои со Законот за здравствено осигурување или со општ акт на Фондот им се ставени во надлежност.

Составот, надлежноста и начинот на работа на лекарските комисии е уреден со општ акт (правилник) донесен од Управниот одбор на Фондот.

Лекарските комисии до месец април 2011 година беа формирани од редот на докторите на медицина вработени во здравствените установи од подрачјето на општината, и тоа за секоја подрачна служба на Фондот. Имајќи го предвид позитивното искуство од другите комисии кои работат во рамките на ФЗОМ, каде во состав на комисијата се вклучени вработени лица во ФЗОМ, од април 2011 година со решение на директорот на Фондот како член во состав на првостепените лекарски комисии е вклучен и лекар кој е вработен во ФЗОМ.

Во подрачните служби на Фондот работат по една првостепена и една второстепена лекарска комисија.

На подрачјето на град Скопје поради големиот број на осигуреници, односно број на предмети, формирани се 4 првостепени и една второстепена лекарска комисија.

По стапување на сила на Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала ( Сл. Весник 33/11), во месец април 2011 година формирана е петта лекарска комисија во рамките на ПС Скопје, исклучиво за давање на мислење за правото за ортопедски помагала.

За разлика од сите други комисии, членовите на лекарските комисии во Подрачната служба Скопје се во редовен работен однос во ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, од каде примаат плати за нивниот работен ангажман во лекарските комисии, освен петтата лекарска комисија во ПС Скопје која е формирана од редот на вработени лица во ФЗОМ.

Членовите на лекарските комисии во останатите подрачни служби на Фондот за работењето во лекарските комисии примаат надоместок утврден со Решение за висината на надоместокот за работа на лекарските комисии.

Лекарските комисии работат согласно следната законска и подзаконска регулатива: Законот за здравствено осигурување, Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата , Правилник за состав надлежност и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување , Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување.

Фондот за здравствено осигурување има 30 подрачни служби, во 22 од нив работат по две лекарски комисии, односно првостепена и второстепена лекарска комисија, додека во 8 подрачни служби, поради помал број на осигуреници, работат само првостепените лекарски комисии.

Во Подрачната служба Скопје поради поголемиот број на осигуреници на подрачјето што го покрива оваа подрачна служба, работат 4 првостепени, 1 второстепена лекарска комисија и 1 комисија за давање на мислење за правото за ортопедски помагала.

Лекарските комисии се составени од претседател и два члена и нивни заменици кои со решение ги формира директорот на Фондот. Со работата на лекарската комисија раководи и за нејзината работа е одговорен претседателот на комисијата.

Лекарските комисии работат и одлучуваат во полн состав, а мислењето го донесуваат со мнозинство на гласови.

Членовите на лекарските комисии имаат склучено Договор за меѓусебни права и обврски со Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Со договорот се уредуваат меѓусебните односи, односно права и обврски помеѓу договорните страни кои произлегуваат од решението за формирање на Првостепена и Второстепена лекарска комисија, како стручно медицински орган за давање оценка за привремена спреченост за работа и мислење заостварување на права од задолжителното здравствено осигурување.

Со договорот членовите на лекарските комисии се обврзуваат при давањето на оценката за привремена спреченост за работа и мислење за други права од задолжителното здравствено осигурување, да се придржуваат кон законските и подзаконски акти на Фондот.

Согласно договорот, членовите на лекарските комисии во случај на настанување на материјална штета на Фондот за здравствено осигурување на Македонија поради непочитување на прописите на Фондот, се обврзуваат да ја надоместат предизвиканата штета.

Членовите на лекарските комисии во ПС Скопје немаат склучено договори за меѓусебни права и обврски со Фондот, но доставени им се решенија за формирање на првостепена и второстепена лекарска комисија, каде се обврзуваат да надоместат евентуална материјална штета предизвикана на Фондот во случај на неодговорно и непрофесионално извршување на работните задачи.

Согласно Правилникот за надлежност и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување, лекарските комисии тромесечно поднесуваат извештај за својата работа до директорот на Фондот.

Врз основа на доставените извештаи и податоците добиени од модулот за работа на лекарските комисии, направени се анализи за работата на лекарските комисии.

**Анализа на работата на лекарските комисии**

Во Фондот за здравствено осигурување на Македонија работат 56 лекарски комисии, од кои 33 првостепени, 22 второстепени лекарски комисии и една (петта лекарска комисија во рамките на ПС Скопје), исклучиво за давање на мислење за правото за ортопедски помагала.

Со анализата се добиени следните податоци:

1. Број и просек на разгледани предмети по подрачни служби;
2. Анализа на број на поднесени, одобрени и одбиени предмети;
3. Процент на издадени боледувања и рехабилитации во однос на број на осигуреници;
4. Најчести дијагнози за кои се издавани боледувања и лекари - специјалисти по чие мислење се издавани боледувања
5. Податоци за Лекарските комисии во ПС Скопје

**1. Број и просек на разгледани предмети**

Во текот на 2014 година, во лекарските комисии се разгледани вкупно **88768 предмети**, од кои во првостепена лекарска комисија **82195** предмети и во второстепена лекарска комисија **6573** предмети.

За истиот период, во текот на 2015 година, во лекарските комисии разгледани се вкупно **94015 предмети**, од кои во првостепена лекарска комисија **88804** предмети и во второстепена лекарска комисија **5211** предмети.

Најголем број на предмети се разгледани во поголемите подрачни служби како што се Скопје, Прилеп, Куманово, Битола и Велес, каде бројот на осигуреници е поголем, а помал е бројот на разгледани предмети во помалите подрачни служби, како што се Демир Хисар, Крушево, Брод, Кратово и Дебар што се должи и на помалиот број на осигуреници.

Табелите што следат (**Табела 1, Табела 2 и Табела 3**) го прикажуваат споредбено бројот на разгледани предмети и просечен број на предмети во поголемите и помалите подрачни служби, како и во ПС Скопје во 2014 и 2015 година.

**Табела 1: Споредбен приказ на просечен број на разгледани предмети во Подрачни служби со поголем број на осигуреници**

| реден број | Подрачна служба | вкупен број на разгледани предмети | | просечен број на разгледани предмети месечно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 година | 2015 година | 2014 година | 2015 година |
| 1 | Тетово | 4752 | 3998 | 396 | 333 |
| 2 | Куманово | 4481 | 4836 | 373 | 403 |
| 3 | Битола | 6051 | 5739 | 504 | 478 |
| 4 | Прилеп | 5179 | 5150 | 432 | 429 |
| 5 | Струмица | 3259 | 3631 | 272 | 303 |
| 6 | Гостивар | 2608 | 2790 | 217 | 233 |
| **просечен број на разгледани предмети годишно** | | | | **366** | **363** |

**Табела 2: Споредбен приказ на просечен број на разгледани предмети во Подрачни служби со помал број на осигуреници**

| реден број | Подрачна служба | вкупен број на разгледани предмети | | просечен број на разгледани предмети месечно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 година | 2015 година | 2014 година | 2015 година |
| 1 | Д.Хисар | 437 | 320 | 36 | 27 |
| 2 | Кратово | 439 | 482 | 37 | 40 |
| 3 | Брод | 459 | 453 | 38 | 38 |
| 4 | Крушево | 344 | 391 | 39 | 33 |
| 5 | Валандово | 497 | 606 | 41 | 51 |
| 6 | Пробиштип | 1101 | 1294 | 92 | 108 |
| **просечен број на разгледани предмети годишно** | | | | **47** | **50** |

**Табела 3: Споредбен приказ на просечен број на разгледани предмети во ПС Скопје**

| реден број | Подрачна служба | вкупен број на разгледани предмети | | просечен број на разгледани предмети месечно | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 година | 2015 година | 2014 година | 2015 година |
| 1 | Скопје | 27447 | 30421 | 2287 | 2535 |
| **просечен број на разгледани предмети годишно по комисија** | | | | **457** | **507** |

Од **Табела 1, Табела 2 и Табела 3** се гледа дека просечниот месечен број на разгледани предмети во лекарски комисии во поголемите подрачни служби е намален за 0,82 %, а во помалите подрачни служби е зголемен за 6%. Во Подрачна служба Скопје просечниот месечен број на разгледани предмети е зголемен за 11 %.
Просечен број на разгледани предмети по подрачна служба во 2015 година е 261 предмет или за 5,7% повеќе во однос на 2014 година кога просечниот број на разгледани предмети по подрачна служба изнесува 247.

**2. Анализа на број на поднесени, одобрени и одбиени предмети**

Во 2015 година од вкупно 94015 поднесени и разгледани предмети во лекарските комисии (првостепена и второстепена), одобрени се 89704, а одбиени 4312 предмети. Процент на одобрени предмети е 94,3%.
Во 2014 година од вкупно 88768 поднесени и разгледани предмети во лекарските комисии (првостепена и второстепена), одобрени се 84726, а одбиени 4042 предмети. Процент на одобрени предмети е 95,5%.




**Графички споредбен приказ на вкупно поднесените и одобрени предмети збирно во ПЛК и ВЛК во 2015 и 2014 година**

Првостепена лекарска комисија во 2015 година има вкупно разгледано 88804 предмети, одобрено 84992 предмети, одбиено 3812 предмети. Процент на одобрени предмети е 95,7%.

Во 2014 година Првостепена лекарска комисија има вкупно разгледано 82195 предмети, одобрено 79167 предмети, одбиено 3028 предмети. Процент на одобрени предмети е 96,3%.




**Графички споредбен приказ на вкупно поднесените и одобрени предмети во ПЛК во 2015 и 2014 година**

Второстепена лекарска комисија во 2015 година има вкупно разгледано 5211 предмети, одобрено 4712 предмети, одбиено 499 предмети. Процент на одобрени предмети е 90,4%.

Во 2014 година Второстепена лекарска комисија има вкупно разгледано 6573 предмети, одобрено 5559 предмети, одбиено 1014 предмети. Процент на одобрени предмети е 84,6%.




**Графички споредбен приказ на вкупно поднесените и одобрени предмети во ВЛК во 2015 и 2014 година**

Споредбено гледано во 2015 година во однос на 2014 година, има намалување на вкупниот број на разгледани предмети во ВЛК за 21%, но истовремено има зголемување на бројот на одобрени предмети за 5,8%.

**Во табела 4 и 4а** (во прилог) е прикажан бројот на вкупно поднесени, одобрени, одбиени предмети и процентот на одобрени премети даден по квартали за Првостепена и Второстепена лекарска комисија за сите подрачни служби за 2015 и 2014 година.

**Табела 5 и 5а** (во прилог) ги прикажува бројот на поднесени, одобрени, одбиени предмети по квартали, процентот на одобрени предмети во ПЛК по квартали за сите подрачни служби за 2015 и 2014 година.

**Табела 6 и 6а** (во прилог) ги прикажува бројот на поднесени, одобрени, одбиени предмети по квартали, процентот на одобрени предмети во ВЛК по квартали за сите подрачни служби за 2015 и 2014 година.

Од табелите се гледа дека во 2015 година во Првостепената лекарска комисија највисок процент на одобрени предмети има во I-иот квартал, во Второстепената лекарска комисија во 2015 година има зголемување на одобрени предмети во III квартал во однос на останатите квартали.

Во 2014 година и во Првостепената лекарска комисија и во Второстепената лекарска комисија највисок процент на одобрени предмети има во I квартал.

Споредбено во 2015 година во Првостепената лекарска комисија има незначително намалување на процентот на одобрени предмети, додека во Второстепената лекарска комисија има зголемување на процентот на одобрени предмети .

**Табела 7: Споредбен приказ на процент на одобрени предмети во Првостепената и во Второстепената лекарска комисија во 2015и 2014 година**

| Комисија | период | 2015 година | 2014 година |
|---|---|---|---|
| | I квартал | 96,0% | 97,1% |
| | II квартал | 95,9% | 96,7% |
| | III квартал | 95,3% | 96,5% |
| | IV квартал | 95,6% | 95,1% |
| Првостепена лекарска комисија | вкупно | 95,7% | 96,3% |
| | I квартал | 83,2% | 91,7% |
| | II квартал | 84,3% | 77,1% |
| | III квартал | 98,4% | 82,6% |
| | IV квартал | 98,0% | 79,6% |
| Второстепена лекарска комисија | вкупно | 90,4% | 84,6% |




**Графички споредбен приказ на процент на одобрени предмети во Првостепената лекарска комисија во 2015 и 2014 година**




**Графички споредбен приказ на процент на одобрени предмети во Второстепената лекарска комисија во 2015 и 2014 година**

Од табелите дадени во прилог се гледаат и подрачните служби каде од страна на Првостепената и Второстепената лекарска комисија се одобрени сите поднесени предмети, како и подрачни служби со најголем и најмал процент одобрени предмети.

**Подрачни служби со најголем процент одобрени предмети во 2015 година**:

- ПЛК во ПС Неготино – 99,2% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Крушево - 98,7% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Кавадарци- 98,6% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Ресен- 98,1% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Валандово - 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Кавадарци- 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Крушево- 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Гевгелија- 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Неготино-100% одобрени предмети

**Подрачни служби со најголем процент одобрени предмети во 2014 година**:

- ПЛК во ПС Неготино – 99,6% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Кавадарци - 99,2% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Ресен- 98,8% одобрени предмети
- ПЛК во ПС Гостивар- 98,3% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Валандово - 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Крушево- 100% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Тетово- 97,6% одобрени предмети
- ВЛК во ПС Штип- 96,6% одобрени предмети

**Подрачни служби со најмал процент одобрени предмети во 2015 година**:

- ПЛК во ПС Демир Хисар – 87,5%
- ПЛК во ПС Пробиштип – 92,2%
- ПЛК во ПС Берово – 92,2%
- ПЛК во ПС Кочани 92,8%
- ВЛК на ПС Берово – 40,0% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Струмица – 50,0% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Охрид – 61,5% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Кратово – 66,7 % одобрени предмети

**Подрачни служби со најмал процент одобрени предмети во 2014 година**:

- ПЛК во ПС Свети Николе – 90,9%
- ПЛК во ПС Кочани – 91,9%
- ПЛК во ПС Виница – 92,5%
- ПЛК во ПС Пробиштип- 92,7%
- ВЛК на ПС Кратово– 0% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Неготино – 0% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Кавадарци – 33,3% одобрени предмети
- ВЛК на ПС Берово – 42,9 % одобрени предмети

Процентот на одобрени предмети (просек од сите подрачни служби на годишно ниво) за 2015 година во ВЛК е 90,4% и истиот е зголемен за 5,8% во однос на 2014 година кога изнесувал 84,6 %. Процентот на одобрени предмети во ВЛК е релативно висок, со оглед на тоа што ВЛК како стручно медицинско тело одлучува по приговорите изјавени против наодите, оценките и мислењата на првостепената лекарска комисија, кои веќе се изјасниле по дадените предмети негативно. Поради тоа, во план на С. Контрола е во наредниот период да даде акцент на контроли на работењето на ВЛК подетално, иако како причина за високиот процент на одобрени предмети останува можноста дека е доставена дополнителна медицинска документација од осигурениците по која одлучува ВЛК. Исто така, битен е фактот дека во состав на ВЛК не се вклучени и лекари вработени во ФЗОМ како што е случај со составот на ПЛК, а кои придонесуваат за ефективност во работата на лекарските комисии со својата заложба за правилна примена и почитување на законската и под законска регулатива при давањето на мислење за боледување.

**3. Процент на издадени боледувања и рехабилитации во однос на број на осигуреници**

Исто така, од доставените квартални извештаи извлечени се податоци и за процентот на издадени боледувања и рехабилитации во однос на бројот на осигуреници по подрачни служби. За процентот на боледувања е земен бројот на одобрени боледувања (податоци добиени од кварталните извештаи) во однос на бројот на осигуреници кои имаат право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа согласно ЗЗО (податоци добиени од базата на податоци од Сектор информатика).
За процентот на рехабилитации е земен бројот на одобрени рехабилитации (податоци добиени од кварталните извештаи) во однос на вкупниот број на осигуреници (податоци добиени од базата на податоци од Сектор информатика).

Во **Табелите 8 и 8а** (во прилог), прикажан е процентот на боледувања добиен во однос на бројот на осигуреници кои можат да користат боледување и процентот на рехабилитации во однос на вкупниот број на осигуреници, прикажано по подрачни служби квартално.
Од податоците од табелите 8 и 8а, можат да се видат и подрачните служби и лекарски комисии со највисок и најнизок процент на одобрени боледувања во однос на вкупниот број осигуреници кои имаат право на користење боледување.

Во **табелите 9, 10, 11 и 12** прикажани се подрачни служби со најголем и најмал процент на одобрени боледувања во однос на активниот број на осигуреници во 2014 и 2015 година. Споредбено и во двете години најголем процент на одобрени боледувања во однос на активни осигуреници има во Пробиштип,Велес, Свети Николе, Неготино и Делчево, додека најмал процент на одобрени боледувања и во 2014 и во 2015 година има во Дебар, Струга, Охрид и Тетово.

**Табела 9: Подрачни служби со најголем процент на боледувања квартално во однос на бројот на активни осигуреници во 2015 година**

| реден број | подрачна служба | % I квартал | % II квартал | % III квартал | % IV квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Пробиштип** | 5,61 | 5,02 | 5,59 | 4,97 |
| 2 | **Велес** | 3,98 | 4,89 | 4,96 | 5,89 |
| 3 | **Свети Николе** | 3,57 | 4,12 | 5,46 | 6,32 |
| 4 | **Делчево** | 4,05 | 4,48 | 3,59 | 5,28 |
| 5 | **Неготино** | 3,51 | 3,83 | 4,83 | 5,13 |

**Табела 10: Подрачни служби со најмал процент на боледувања квартално во однос на бројот на активни осигуреници во 2015 година**

| реден број | подрачна служба | % I квартал | % II квартал | % III квартал | % IV квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Дебар** | 0,91 | 0,71 | 0,71 | 0,71 |
| 2 | **Струга** | 1,72 | 1,17 | 1,19 | 1,33 |
| 3 | **Тетово** | 1,43 | 1,39 | 1,01 | 1,60 |
| 4 | **Демир Хисар** | 1,73 | 2,06 | 1,84 | 1,73 |
| 5 | **Охрид** | 1,88 | 1,75 | 1,96 | 1,96 |

**Табела 11: Подрачни служби со најголем процент на боледувања во однос на бројот на активни осигуреници во 2014 година**

| реден број | подрачна служба | % I квартал | % II квартал | % III квартал | % IV квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Делчево** | 4,83 | 4,79 | 4,54 | 5,09 |
| 2 | **Пробиштип** | 3,91 | 4,98 | 4,48 | 5,10 |
| 3 | **Свети Николе** | 3,89 | 4,19 | 3,76 | 4,91 |
| 4 | **Велес** | 4,49 | 4,40 | 3,83 | 3,89 |
| 5 | **Неготино** | 3,52 | 3,21 | 3,49 | 5,03 |

**Табела 12 : Подрачни служби со најмал процент на боледувања во однос на бројот на активни осигуреници во 2014година**

| реден број | подрачна служба | % I квартал | % II квартал | % III квартал | % IV квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Дебар** | 0.52 | 1,03 | 0,80 | 0,61 |
| 2 | **Тетово** | 1,34 | 1,28 | 1,29 | 1,72 |
| 3 | **Струга** | 1,41 | 1,33 | 1,46 | 1,52 |
| 4 | **Охрид** | 1,93 | 1,51 | 1,78 | 2,16 |
| 5 | **Скопје** | 1,96 | 1,89 | 1,81 | 2,11 |

Од **Табелата 13** се гледа дека во 2015 година 9,85% од вработените користеле боледување, додека во 2014 година, 9,44% од вработените користеле боледување. Од истата табела произлегува дека процентот на одобрени боледувања во 2015 година е највисок во четвртиот квартал, а најнизок во првиот квартал, додека во 2014 година највисок е во четвртиот, а најнизок во третиот квартал.

**Табела 13: Споредбен приказ на процент на боледувања добиен во однос на бројот на осигуреници кои можат да користат боледување во 2015 и 2014 година**

| Година | I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | годишно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 година | 2,31% | 2,37% | 2,32% | 2,85% | 9,85% |
| 2014 година | 2,34% | 2,31% | 2,26% | 2,56% | 9,44% |

## 4.Податоци за најчести групи на на дијагнози за кои се издавани боледувања

Од доставените квартални извештаи добиени се и податоци за најчести дијагнози за кои се издавани боледувањата во 2015 и 2014 година. Во табела 14 и 15 се дадени најчестите групи на дијагнози за кои се издавани боледувања во 2015 и 2014 година. Графички се прикажани топ 10 дијагнози со кои се издадени боледувањата во 2014 и 2015 година.

**Табела 14: Најчести дијагнози и групи на заболувања според МКБ 10 за кои се издавани оцените за продолжување на привремената спреченост за работа во 2015 година**

| | |
|---|---|
| **1. Група„ О“-бременост, раѓање и пуерпериум-Патолошка бременост** | О20.0 –Заканувачки абортус |
| | О20- Крварење во рана бременост |
| | О47-Лажно раѓање |
| **2. Група„ М“ - Болести на мускулно-скелетниот систем и на сврзното ткиво** | М51.1-Заболувања на лумбален и друг интервертебрален диск со радикулопатија |
| | М54.4- Лумбаго со ишиалгија |
| | М51- Други заболувања на интервертебрален диск |
| **3. Група „С“ - Неоплазми** | С50-Малигна неоплазма на дојка , |
| | С34-Малигни неоплазми на бронх и бел дроб, |
| | С20-Малигна неоплазма на ректум |
| **4. Група„ Ј“-Болести на респираторен систем** | Ј18 -Пневмонија |
| **5. Група„ К“-Болести на дигестивниот систем** | К40-Ингвинална хернија |
| | |




**Графички приказ на најчестите дијагнози за кои се издавани боледувања во 2015 година**

**Табела 15: Најчести дијагнози и групи на заболувања според МКБ 10 за кои се издавани оцените за продолжување на привремената спреченост за работа во 2014година**

| | |
|---|---|
| **1. Група„ О“-бременост, раѓање и пуерпериум-Патолошка бременост** | О20 –Крварење во рана бременост |
| | О20.0- Заканувачки абортус |
| | О47-Лажно раѓање |
| **2. Група„ М“ - Болести на мускулно-скелетниот систем и на сврзното ткиво** | М51.1-Заболувања на лумбален и друг интервертебрален диск со радикулопатија |
| | М51-Други заболувања на интервертебрален диск |
| | М54.4-Лумбаго со ишиалгија, |
| **3. Група „С“ - Неоплазми** | С50-Малигна неоплазма на дојка , |
| | С34-Малигни неоплазми на бронх и бел дроб, |
| | С20-Малигна неоплазма на ректум, |
| **4. Група„ J“-Болести на респираторен систем** | J18 -Пневмонија |
| **5. Група„ К“-Болести на дигестивниот систем** | К40-Ингвинална хернија |
| | |




**Графички приказ на најчестите дијагнози за кои се издавани боледувања во 2014 година**

## 5. Податоци за Лекарските комисии во ПС Скопје

Со оглед на големиот број на осигуреници во ПС Скопје, направен е посебен приказ за работата на лекарските комисии, вклучително и 5-тата првостепена лекарска комисија која дава мислење за ортопедски помагала.
Лекарските комисии во ПС Скопје во 2015 година вкупно имаат разгледано 30198 предмети и тоа:
- Првостепената лекарска комисија вкупно разгледала 29648 предмети, од кои одобрени се 28352, а одбиени се 1296. Процент на одобрени предмети 95,6%.
- Второстепената лекарска комисија вкупно разгледала 773 предмет, од кои одобрени се 548, а одбиени се 225. Процент на одобрени предмети 71 %.

Во 5-тата Првостепената лекарска комисија која дава мислење за ортопедски помагала, во 2015 година разгледани се вкупно 7620 предмети, од кои одобрени се 7600, а одбиени се 20. Процент на одобрени предмети е 99,7% .

Во 2014 година Лекарските комисии во ПС Скопје вкупно имаат разгледано 27447 предмети и тоа:
- Првостепената лекарска комисија вкупно разгледала 26454 предмети, од кои одобрени се 25426, а одбиени се 1028. Процент на одобрени предмети 96,11%.
- Второстепената лекарска комисија вкупно разгледала 993 предмети, од кои одобрени се 464, а одбиени се 529. Процент на одобрени предмети 46,73 %.

Во 5-тата Првостепената лекарска комисија која дава мислење за ортопедски помагала, во 2014 година разгледани се вкупно 6481 предмети, од кои одобрени се 6472, а одбиени се 9. Процент на одобрени предмети е 99,86% .




**Графички споредбен приказ на вкупно поднесените и одобрени предмети збирно во ПЛК и ВЛК во ПС Скопје во 2015 и 2014 година**

Во Табелата 16 прикажани се споредбено за 2015 и 2014 година вкупно поднесени, одобрени и одбиени предмети во Првостепената и Второстепената лекарска комисија за четирите квартали поединечно.

**Табела 16: Споредбен приказ на вкупно разгледани, одобрени и одбиени предмети во ПЛК и ВЛК во ПС Скопје во 2015 и 2014 година**

| ПС Скопје | | | одобрени | одбиени | Вкупно | % на одобрени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | ПЛК | I квартал | 6748 | 239 | 6987 | 96,58 |
| | | II квартал | 7103 | 284 | 7387 | 96,16 |
| | | III квартал | 6226 | 315 | 6541 | 95,18 |
| | | IV квартал | 8275 | 458 | 8733 | 94,76 |
| | | вкупно | 28352 | 1296 | 29648 | 95,63 |
| | ВЛК | I квартал | 155 | 104 | 259 | 59,85 |
| | | II квартал | 155 | 112 | 267 | 58,05 |
| | | III квартал | 129 | 3 | 132 | 97,73 |
| | | IV квартал | 109 | 6 | 115 | 94,78 |
| | | вкупно | 548 | 225 | 773 | 70,89 |
| 2014 | ПЛК | I квартал | 4731 | 216 | 4947 | 95.63% |
| | | II квартал | 3588 | 241 | 3829 | 93.71% |
| | | III квартал | 3120 | 1955 | 5075 | 61.48% |
| | | IV квартал | 3816 | 2223 | 6039 | 63.19% |
| | | вкупно | 15255 | 4635 | 19890 | 76.70% |
| | ВЛК | I квартал | 49 | 121 | 170 | 28.82% |
| | | II квартал | 147 | 103 | 250 | 58.80% |
| | | III квартал | 335 | 347 | 682 | 49.12% |
| | | IV квартал | 186 | 274 | 460 | 40.43% |
| | | вкупно | 717 | 845 | 1562 | 45.90% |




**Графички споредбен приказ на процент на одобрени предмети во Првостепената лекарска комисија во ПС Скопје во 2015 и 2014 година**




**Графички споредбен приказ на процент на одобрени предмети во Второстепената лекарска комисија во ПС Скопје во 2015 и 2014 година**

**6. Заклучок**

Од извршената анализа може да се заклучи следново:

- Во текот на 2015 година, во лекарските комисии разгледани се вкупно **94015 предмети**, од кои во првостепена лекарска комисија **88804** предмети и во второстепена лекарска комисија **6573** предмети.
- За истиот период, во текот на 2014 година, во лекарските комисии се разгледани вкупно **88768 предмети**, од кои во првостепена лекарска комисија **82195** предмети и во второстепена лекарска комисија **6573** предмети.

- Бројот на разгледани предмети во ПЛК и ВЛК во 2015 година е зголемен за 5,9% во однос на 2014 година.
- Во 2015 година во 25 подрачни служби, има зголемување на вкупниот број на разгледани предмети во ПЛК во однос на 2014 година.
- Во 2015 година во 14 подрачни служби има намалување на вкупниот број на разгледани предмети во ВЛК во однос на 2014 година.
- Просечниот месечен број на разгледани предмети во лекарски комисии е зголемен и тоа во помалите подрачни служби за 5,7 %, а во Подрачна служба Скопје за 11%. Исклучок се поголемите подрачни служби, каде просечниот месечен број на разгледани предмети е намален за 0,82 %.
- Просечен месечен број по подрачна служба е 261 предмет во 2015 година или за 5,7% повеќе во однос на 2014 година кога просечниот број на разгледани предмети по подрачна служба изнесува 247.
- Споредбено гледано во 2015 година во однос на 2014 година, има зголемување на вкупниот број на разгледани предмети за 4,81% но истовремено има зголемување на бројот на одобрени предмети за 4,7%.
- Првостепена лекарска комисија во 2015 година има вкупно разгледано 88804 предмети, одобрено 84992 предмети, одбиено 3812 предмети. Процент на одобрени предмети е 95,71%.

  Во 2014 година Првостепена лекарска комисија има вкупно разгледано 82195 предмети, одобрено 79167 предмети, одбиено 3028 предмети. Процент на одобрени предмети е 96,3%.
- Второстепена лекарска комисија во 2015 година има вкупно разгледано 5211 предмети, одобрено 4712 предмети, одбиено 499 предмети. Процент на одобрени предмети е 90,42%.

  Во 2014 година Второстепена лекарска комисија има вкупно разгледано 6573 предмети, одобрено 5559 предмети, одбиено 1014 предмети. Процент на одобрени предмети е 84,6%.
- Процентот на одобрени предмети (просек од сите подрачни служби на годишно ниво) за 2015 година во ВЛК е 90,4% и истиот е зголемен за 5,8% во однос на 2014 година кога изнесувал 84,6 %.
- Во 2015 и 2014 година најголем процент на одобрени боледувања во однос на активни осигуреници има во Велес, Свети Николе и Делчево, додека најмал процент на одобрени боледувања и во 2015 и во 2014 година има во Дебар, Струга, Тетово и Охрид.
- Споредбено со 2014 година, бројот на одобрени боледувања во ПЛК и во ВЛК во однос на активни осигуреници е зголемен во 2014 година за 0,41%.
- Процентот на одобрени мислења за рехабилитација во ПЛК и ВЛК во однос на вкупниот број на осигуреници во 2015 е намален за 0,04% во однос на 2014 година и изнесува 0,25%

- Во 2015 и 2014 година како најчести дијагнози за кои се издавани боледувања се повторуваат три групи на болести по МКБ 10 и тоа:„ М“-болести на локомоторен систем, , „ С“-малигни болести и „О“-претечки абортус (ризична бременост).
- Најчестите пет дијагнози за кои се издавани мислења за привремена спреченост за работа (боледувања) и во 2015 година и во 2014 година се: О20.0- Заканувачки абортус, О20-Крвавење во рана бременост, О47-Лажно раѓање, С50-Малигна неоплазма на дојка и М51-Други заболувања на интервертебрален диск.

**7. Препораки**

- Се препорачува членовите на лекарските комисии на ФЗОМ при своето работење да се придржуваат на Правилник за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.
- Се препорачува членовите на ВЛК на ФЗОМ при своето работење да имаат поодговорен и попрофесионален пристап при разгледување и давање мислење за поднесените предмети.
- Се препорачува лекарот вработен во ФЗОМ кој е член на ПЛК да присуствува на седниците на ВЛК на ФЗОМ со цел доследно спроведување на одредбите од Правилник за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, Правилник за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала.
- Се препорачува, кога за тоа ќе се створат услови, да се вработат лекари во ФЗОМ кои би биле членови наПЛК и ВЛК и би придонеле за ефективност во работата на лекарските комисии со својата заложба за правилна примена и почитување на законската и под законска регулатива при давањето на оценката за привремена спреќеност за работа и мислења за остварување на права од задолжителното здравствено осигурување.

Изготвил: д-р Весна Дамеска
Одобрил: д-р Лила Коџоман